# Активности на О2 Иницијатива во 2023 година

- Учество во проектот CleanBREATH на Магдебург-Стендал Универзитетот, Германија и УКИМ-ФИНКИ

Проектот CleanBREATHE (Мешано истражување за загадувањето на воздухот со помош на технички и едукативни решенија) има за цел да го направи загадениот воздух видлив и да иницира долгорочни промени во однесувањето на општествените чинители.
Проектот се одвива помеѓу Магдебург-Стендал Универзитетот, Германија и УКИМ-ФИНКИ, Македонија, каде се вклучени креаторите на платформите за визуелизација на аерозагадувањето, Pulse.Eco1 и AirCare2 и О2 Иницијатива, здружение кое се залага за зголемена свест за аерозагадувањето и неговото намалување преку системски пристап.
Целите на CleanBREATHE за намалување на загадувањето на воздухот се:
1) Создавање граѓанска свест и одржливо прилагодување на однесувањето во две земји (Македонија и Германија) како модел за цела Европа, преку пристап на науката за критички дизајн.
2) Дизајнирање и планирање на сензорски мрежи, нови пристапи за сензори за мобилни уреди и алгоритми за предвидување на вештачката интелигенција.
3) Развивање на нови деловни модели кои имаат за цел да помогнат на бизнисите со однесување свесно за животната средина.

Организирање и учество во работилници за граѓаните и студентите за подигање на свеста за темата и зголемување на учеството во процесот на собирање податоци, креирање на сензорни инструменти за мерење на аерозагадувањето. Креирање на листа на граѓани преку јавен повик за инсталирање на сензорни инструменти.

- Учество во проектот „Повеќе зеленило за отпорно Скопје“ на здружението за еколошко одржлив развој „Зелен Институт“ во партнерство со Центарот за еколошка демократија „Флорозон“ и здружението „Македонско женско лоби“, како дел од програмата „Граѓанските организации во акција за климатските промени”, финансирана од владата на Шведска преку Swedish International Development Cooperation Agency (SIDA), а спроведувана од Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје, Македонското здружение на млади правници и Организацијата за промовирање на природните вредности и луѓе – ЦНВП-Македонија.

Работа на анализа и предлог измени и дополни на Законот за урбано зеленило и Правилникот за урбано зеленило.
Лобирање на предлог-измените и дополните на законот на пратениците од зелената парламентарна група во Собранието, формирана на наша иницијатива.

- Промоција и дистрибуција на сет книги „Водич низ природата“ во кои има упатства за заштита на природната средина и животот во барите и езерата, шумите и низ градското зеленило

Еколошкото образование е неопходен процес со цел да се постигне еколошка писменост која ќе води до развој на еколошка свест кај новите генерации. Со цел да се помогне и подобри еколошкото образование и природонауката, О2 Иницијативата реши да го создаде и објави сетот Водичи низ природата – триплет на водичи преку кои учениците од одделенска настава

ќе се запознаат со животот во шумата, барите и езерата и низ градското зеленило. Сетот на водичи е во издание на издавачката куќа Чудна шума, под авторство на Кирил Арсовски – Пржо, а илустрациите се на Хари Дудески.
Наменет е за деца на возраст од 8 – 10 години и преку нив, а под водство на нивните наставници и родители, децата ќе можат да се запознаат со животните и растенијата што живеат во овие средини и да откријат нови и интересни нешта за нив.

Водичите претставуваат некомерцијално издание кое имаше промоција и се дистрибуираше на почетокот на 2023 година низ основните училишта низ државата во соработка со нашите партнери Пријатели на образованието.

- Соработка со зелената парламентарна група во Собранието, формирана на наша иницијатива

Барање од пратениците да се донесе Предлог-законот за измена и дополна на Законот за прекршоците, кој скоро три години не се става на гласање во Собранието, за да може казните во животната средина конечно се зголемат дваесеткратно. После силно лобирање, законот кончено се донесе кон крајот од годината.

Барање до пратениците за повлекување на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, по скратена постапка. Со законот се предлагаше да се легализираат бесправно изградени објекти до 31.12.2022 година, вклучително и во заштитени подрачја. Се доби поддршка од 20 граѓански организации. Се изврши медиумски и јавен притисок. Законот не се донесе.

Поднесени предлог-амандмани на Буџетот на РСМ за 2024 година до пратениците, подготвени со експерти, за решавање на конкретни проблеми во животната средина, како филтри за домаќинства кои се греат на дрва, вшмукувач на издувни гасови на сообраќајни раскрсници, промена на начин на греење на здравствените и образовни установи и јавни објекти кои користат мазут или нафта (екстра лесно), плински уреди за возила, набавка на мерни инструменти за континуирано работење на мониторинг системот за квалитет на воздух и воведување на мерење на black carbon, континуирано мерење во тек на една година на тешки метали во амбиентниот воздух на едно мерно место во државава, стандардизација на депонијата за отпад Дрисла - пречистителна станица, црпење на депониски гас и поврзано производство на ел. енергија, постројка за секундарна селекција на комунален отпад - пластика, стакло, метал, дрво, градежен шут; автоматски пиезометри за мониторинг на подземните води. Амандманите беа поднесени од пратениците на зелената парламентарна група.

- Континуирана кампања за одвојување на повеќе средства за заштита на животната средина од буџетите на државата, градот Скопје и општините

Анализа на предлог-буџетот на РСМ за 2024 година, со фокус на средствата одвоени за животна средина, намалување на аерозагадувањето.

Анализа на буџетот на министерството за животна средина за 2024 година, за што конкретно се одвоени средствата.

Континуирано актуелизирање на користење на собраните даноци за животната средина, кои достигаат над 200 милиони евра, за решавање на проблемите во животната средина.

Поднесени предлог-амандмани на Буџетот на РСМ за 2024 година до пратениците, подготвени со експерти, за решавање на конкретни проблеми во животната средина.

- Континуирана кампања за намалување на аерозагадувањето и едукација на граѓаните

Анализа и компарација на годишното просечно загадување со PM10 на сите официјални мерни станици во државата од 2005 до 2022 година. Како загадувањето се движело низ годините за секој град, мерно место, што може да се заклучи, дали загадувањето на воздухот со PM10 се намалува или се зголемува низ годините и зошто.

Анализа и компарација на загадувањето со PM10 и PM2.5, дневни вредности и месечен просек, на сите мерни станици во државата за еден од најзагадените месеци, декември, компарирано низ изминатите години, од 2007 до 2022 и рушење на многу митови консеквентно. Колку кој град е загаден, колку денови во месецот има со т.н. доволно чист воздух, како загадувањето се движело низ годините, што може да се заклучи. Дисеминирано по медиуми.

Анализа и компарација на загадувањето со PM10 и PM2.5, дневни вредности и месечен просек, на сите мерни станици во државата за месец декември 2022, јануари, февруари, март, април 2023.

Сумирање на резултатите од мерењата направени во текот на 2021 година во Карпош и Ново Лисиче од страна на АМБИКОН лабораторијата при Универзитетот Гоце Делчев во Штип, за тоа кој извор на аерозагадување со колку учествува во PM2.5 во различни периоди/месеци во годината, од што треба да произлезат соодветни мерки на локално и централно ниво.

Средба со градоначалникот и советниците на општина Берово во врска со проблемот со аерозагадување и како да се реши.

Поставување на сензори за мерење на аерозагадувањето во основно училиште во Пехчево, во близина на фабрика за мебел.

Анализа на последниот извештај за квалитетот на воздухот во Европа на ЕЕА за Македонија и алармирање за големиот број на починати во 2021 година од аерозагадувањето.

Актуелизирање на последиците на аерозагадувањето врз различни, помалку познати аспекти од нашето физичко и ментално здравје, како остеопороза, фрактура на коски, намалување на коскената маса, депресија, анксиозност, итн.

Актуелизирање на палењето на депонијата Буково, во Охридскиот регион за забрзано решавање на проблемот.

Институционален и јавен притисок врз општината и локалниот инспекторат, ДИЖС и МЖСПП за одземање на Б-интегрираната дозвола на фирмата САНС-АГ од Штип што произведуваше опасно масло пласирано како мазут и го загадуваше енромно воздухот во процесот на производство на т.н. мазут од отпадни гуми.

Институционален и јавен притисок врз општина Гази Баба, градоначалникот, министерот за транспорт и врски за донесување на ДУП-овите за Вардариште, за да може да се започне со ремедијација на бившата градска депонија и решавање на оваа црна точка во градот каде постојано се пали отпад.

Анализа на надминати прагови за информирање и алармирање и повикување на надлежните за редовна објава и информирање на јавноста кога овие прагови се надминуваат со соодветните заштитни препораки и спроведување на мерките.

Постојан притисок да се обезбеди континуиран мониторинг на квалитетот на воздухот на сите мерни станици.
Јавен притисок и поднесување на амандмани до пратениците за премин на болниците од мазут на гас.

Актуелизирање на палењето на отворено, пријавување до инспекторати.

- Контаминирани подрачја / жешки точки

Институционален притисок за решавање на жешките точки, ремедијација на депонијата Југохром во Јегуновце и санирање на депониите од бившиот рудник во Лојане.

Јавен, медиумски и институционален притисок во врска со решавање на случајот и соодветно санкционирање на депонирана згура од преработка на акумулатори на приватен имот во близина на село Орман.

Актуелизирање на загадувањето со линдан и други токсични хемикалии од Охис на подземните води и водите на река Вардар дури до Велес.

- Континуиран фокус на насилната урбанизација

Институционален и медиумски притисок врз Уставен суд да одлучи по предмет за оспорување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт 3 05 во Општина Карпош.

Во врска со криминално добиено одобрение за градење на комплекс на згради во заштитено подрачје на привремено заштитено културно добро Споменик Воена болница, поднесена жалба по издадено конзерваторско мислење, претставка до ДКСК и консеквентно достава на предметот до Основното јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција каде се води истрага, претставка за поведување на управен надзор над НУ Конзерваторски Центар - Скопје и издадениот акт од министерство за култура, предлог за огласување на ништовно на конзерваторското мислење, барање за ургентно постапување од министерката за култура. Како резултат незаконски издаденото позитивно конзерваторско мислење се поништи и се издаде ново со негативен став. Се водат постапки пред Управен суд и во ЈО.

Поднесени жалби до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен по одлуки за неспроведување на стратегиска оцена за предлог детални урбанистички планови.

Анализа на предвиден број на станови во последната година, по месеци, од април 2022 до февруари 2023, по општини во град Скопје, по број на станови, м2 и број на соби. Каде и кога се дадени одобренија за градење за најголем број на станови.

- Континуиран фокус на проблемот со отпадот и отпадните води

Актуелизирање на проблемот со рударски отпад на брегот на Охридското езеро. Директното вливање на непречистените отпадни, фекални води во езерото, потреба од целосна изградба и

поврзување на колекторскиот систем и приклучување на објектите во него, а не во одводниот систем за атмосферски води.

Актуелизирање на судските процеси и одлуката на Влада за спојување на двете концесии за експлоатација на бакар и злато на рудникот во Иловица и Штука. Поддршка и учество на протестот на граѓаните од Југоистокот против пресудите на Управен и Виш Управен суд и одлуката на Влада.

- Земјоделското земјиште и климатските промени

Актуелизирање на проблемот со прехрана и влијанието на климатските промени врз намалување на производството на храна во земјава. Потребно носење на Законот за почви за мониторинг на почвата и максимално дозволени концентрации на тешки метали според европски параметри.

Алармирање за масивни минирања и уништување на ретко природно наследство, геолошки и археолошки локалитет Црн Камен кај Прилеп.

Јавен притисок и поддршка на локалното население против изградба на малите хидроцентрали на река Дошница на планината Кожуф.

- Континуирана тесна соработка со медиумите, користење на нашата фејсбук страна како извор на информации за нив

- Континуирана соработка со и едукација на граѓаните кои ни се обраќаат, како да поднесат претставки, жалби, до кои надлежни институции, иницијативи до Уставен суд, барања до советниците во нивните општини…